# Документ со клучни податоци

Овој документ содржи клучни информации за Осигурувањето Cro Invest кои ќе Ви помогнат во разбирањето на видот, ризикот, трошоците, можните добивки и загуби од ова Осигурување, како и за да Ви помогнат да го споредите со други производи. Не се работи за рекламен материјал.

# CRO INVEST

## Осигурување со врзување за цената на уделите на отворениот инвестициски фонд КБ Публикум-Балансиран управуван од КБ Публикум инвест АД Скопје

Осигурител: Кроациа Осигурување-Живот АД Скопје
Ул. Костурски Херои 38, 1000 Скопје
Надзорно тело: Агенција за Супервизија на осиурување.
Датум на документот: 21.01.2019 година.

Се подготвувате да договорите Осигурување кое не е едноставно и кое можеби е тешко да го разберете.

## За какво Осигурување се работи?

Cro Invest („Осигурување“) е инвестициско осигурување на живот кај кое договорувачот го сноси ризикот на вложувањето каде што инвестицискиот дел од премијата, по намалувањето за трошокот на осигурителното покритие е директно врзана за цената на уделите на отворен инвестиционен фонд КБ Публикум-Балансиран управуван од КБ Публикум Инвест АД Скопје.

Премијата за осигурување се плаќа еднократно и се распределува процентуално:

- Ризико премија, дел наменет за осигурително покритие за случај на смрт во висина од 3,0% од бруто полисираната премија.
- Влезни трошоци за осигурување во висина од 2,0% од бруто полисираната премија.
- Премија за вложување, дел од премијата кој е наменет за купување на удел во фондот во висина од 95,0% од бруто полисираната премија, го сочинува инвестиционот дел на премија, а се користи за врзување на цената на уделот на Инвестиционот фонд, наведен во полисата за осигурување.

  Осигурителот за секој договорувач отвара и води посебна лична сметка на која се водат податоците за бројот и вредноста на купените удели.

Вложувачките цели на Фондот се сигурност, ликвидност, зачувување и раст на вредноста на уделиот преку инвестирање на имотот на Фондот во должнички и сопственички хартии од вредност и останати инструменти согласно законските прописи и ограничувањата на вложувањата наведени во Проспектот на Фондот.

Целната структура на вложувањата на Фондот е да биде балансирано изложен на пазарот на акции од една и на пазарот на обврзници и депозити од друга страна. Одлуката за вложување ја донесува искусен и професионален тим на КБ Публикум Инвест АД Скопје врз основа на фундаментални и технички анализи како и проценка на идните приходи и парични текови на одбраните фирми.

Вредноста на инвестициското портфолио не е загарантирана при истекот на осигурувањето, при откуп и при настанување на ризикот смрт. Со зголемување на цената на единиците на инвестицискиот фонд, се зголемува и вредноста на инвестициското портфолио вложено во име на Договорувачот, со намалување на цената на единиците на инвестицискиот фонд, се намалува вредноста на инвестициското портфолио вложено во име на Договорувачот.

Бројот на удели кој што се вложува во инвестицискиот фонд во име на Договорувачот зависи од цената на уделите на датумот на купувањето. Цената на уделите на инвестицискиот фонд се утврдуваат во согласност со Правилата на работење и Проспектот на фондот.

Траењето на осигурувањето е од пет до десет години.

Детални информации за целите и инвестициската политика на Фондот се содржани во Проспектот и Скратениот Проспект на Фондот.

Осигурувањето се договара во евра, при што уплатата на премијата и исплатата на осигурената сума се врши во денари по средниот курс на НБРМ на денот на уплатата/исплатата.

Во случај на смрт поради болест се исплаќа осигурената сума за случај на смрт, и вредноста на инвестициското портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фонд на 5 (петтиот) работен ден од денот на прием на пријавата за осигурен случај кај осигурувачот.
Во случај на смрт поради несреќен случај се исплаќа двојна осигурена сума за случај на смрт, и вредноста на инвестициското портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фонд на 5 (петтиот) работен ден од денот на прием на пријавата за осигурен случај кај осигурувачот.
Во случај на смрт поради сообраќајна незгода се исплаќа тројна осигурена сума за случај на смрт, и вредноста на инвестициското портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фонд на на 5 (петтиот) работен ден од денот на прием на пријавата за осигурен случај кај осигурувачот.

Во случај на доживување се исплаќа вредноста на инвестициското портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фонд на последниот ден на важност на осигурувањето.
Со оглед на инвестициската цел и стратегијата на вложување, Фондот е наменет за вложувачи кои се подготвени да прифатат умерена распределба на ризикот преку вложување во должнички и сопственички хартии од вредност со цел остварување на повисок очекуван принос на вложените средства и истовремено обезбедување избалансираност во поглед на валутната изложеност кон домашната и главните странски валути.

## Кои се ризиците и предностите што би можел да добијам за возврат?

Што претставува синтетичкиот показател на ризичност и успешност и кои се неговите ограничувања?

Профилот на ризичност на Осигурувањето зависи од профилот на ризичност на Фондот при што вредноста на инвестициското портфолио директно зависи од цената на уделите на Фондот. Синтетичкиот показател на успешност и ризичност ги мери историските промени на цената на уделите на Фондот. Историските податоци не се сигурен показател на идниот профил на ризичност на Фондот. Прикажаната категорија на ризичност и успешност на Фондот не е загарантирана и таа може да се менува во текот на времето. Најниската категорија не значи вложување без ризик. Вредноста на Вашето вложување во Осигурувањето може да расте и паѓа и не е загарантирана.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

Понизок ризик — Повисок ризик
Обично понизок принос — Обично повисок принос

Зошто е во наведената категорија?

Фондот се наоѓа во категоријата на ризичност 4 што упатува на умерено ниво на ризик и е во согласност со долгорочната стратегија на Фондот.

Пресметката на категоријата на ризичност се заснова на историското движење на цената на уделите и нето вредноста на имотот на Фондот во претходните пет години.

Осигурувањето преку врзување за Фондот е изложено и на следните ризици/промени кои не се адекватно опфатени со показателот:

Вложувањето во удели во Фондот, како и вложувањето во било кој друг инструмент на пазарот на капитал, претпоставува превземање на одредени ризици. Општо гледано, ризикот кој произлегува од вложување во инструменти на пазарот на капитал е веројатност или можност приносот од инвестицијата да биде незадоволителен/негативен или голем-над очекуваниот принос. Незадоволителен/негативен или голем-над очекуваниот принос може да се појави како резултат на **следниве ризици/промени:**

**Ризик од промена на цените на финансиските инструменти во кои е вложен имотот на Фондот (пазарен ризик) -** Имотот на Фондот ќе биде инвестиран во финансиски инструменти во согласност со стратегијата и ограничувањата на инвестициите. Падот/растот на цената на одделни хартии од вредност ќе влијае врз намалување/зголемување на вредноста на уделот, а со тоа и приносот од инвестирање.

**Ризик кој произлегува од промена на каматните стапки** - Каматен ризик претставува веројатност дека приносот до доспевање на купените должнички хартии од вредност ќе порасне/падне, односно веројатност дека во моментот на продажбата на должничките хартии од вредност приносот до доспевање ќе биде повисок/понизок во споредба на оној кога одредената должничка хартија од вредност била купена, а тоа, пак, ќе резултира со капитална загуба/добивка.

**Кредитен ризик** - Кредитниот ризик представува веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат.

**Валутен ризик** - Ризик од загуба што произлегува од промената на курсот на валутата.

**Политички ризик** - Како резултат на широката географска алокација на имотот на Фондот постои можност евентуалните политички кризи на светските пазари да влијаат на вредноста на имотот.

**Ризик од промена на даночните прописи** - Ризикот од промена на даночните прописи претставува веројатност дека законодавната власт, во Република Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно/позитивно би влијаел на приносот на Фондот.

**Ризик поврзан со ликвидноста** - Ризик поврзан со ликвидноста претставува веројатност дека Фондот во одреден момент ќе има потешкотии при изнаоѓање на средства за да ги подмири обврските поврзани со повлекување на удели од Фондот како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сé поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот.

Детални информации за ризиците на коишто е изложен Фондот се содржани во Проспектот и Скратениот Проспект на Фондот.

## Дополнителни информации за ризиците

Со вложување во Осигурувањето можат да се претрпат значителни загуби.

Во текот на периодот на вложување негативните пазарни трендови можат привремено да ја намалат вредноста на референтниот број на уделите, односно вредноста на референтниот број на уделите може да биде пониска во однос на почетната вредност на референтниот број на уделите.

Вложувачот не го сноси ризикот од настанување на дополнителни финансиски обврски освен износот на вложеното во Осигурувањето.

Осигурувањето не вклучува капитална гаранција која штити од пазарен и кредитен ризик.

Даночните прописи на Република Македонија можат во иднина да имаат влијание врз исплатата на Осигурувањето. Во моментот во Република Македонија, со персонален данок на доход се оданочува позитивната разлика помеѓу вкупно уплатената сума по основ на животно осигурување и исплатенатата осигурана сума. Подетална информација за основата за оданочување на доходот од осигурување може да се најде во членовите од 68 до 70 од Законот за данок на личен доход.

Предвременото откажување на Договорот (откуп на осигурувањето) може да предизвика губење на дел од вложениот капитал и наплата на соодветна излезна провизија.

## ПРЕДНОСТИ ОД КУПУВАЊЕ НА CRO INVEST

Можност за остварување на атрактивен принос со умерен ризик преку:

- Професионално управување со средствата на фондот
- Диверзификација на портфолиото по земји, валути, инструменти
- Автоматско реинвестирање на добивката
- КБ Публикум Инвест – Балансиран фонд е основан во 2009 година со што е единствевн фонд од овој тип на пазарот во РМ.
- Во изминатите 5 години фондот остварува само позитивни приноси на вложувањата во распон од 3,4%-15,3% на годишно годишно
- Можност за обновување на CRO INVEST осигурувањето после истекот на иницијално договорениот период на осигурување
- Намалени трошоци за управување со средствата доколку се инвестира индивидуално во фондот, односно инвестирањето во фондот е без влезна провизија
- Осигурително покритие за осигуреникот во случај на смрт

## Историски принос на Фондот

**Историски принос на о.и.ф. КБ Публикум Балансиран**




**Забелешки:**

Историските приноси на Фондот имаат само информативен карактер и не претставуваат проекција на можниот принос на Фондот во иднина. Во графичкиот приказ е прикажан приносот што Фондот го остварил во последните 5 години (од 2013 година), земајќи ги предвид сите годишни трошоци и надоместоци во тој период.

Излезниот надоместок не е опфатен со овој приказ

## Сценарија на успешност и претпоставки за нивно остварување

Исплатата на надомест од Осигурувањето по осигурителните покритија зависи од движењето на цената на уделите (приносот) на Фондот. Следните сценарија се од информативен карактер и не се гаранција за приносите во иднина ниту проценка на резултатот на Фондот и Осигурувањето и не се обврзувачки за КБ Публикум-Балансиран управуван од КБ Публикум Инвест АД Скопје и Осигурителот.

| Претпоставка за приносот на Фондот | Раст 2% годишно * | | | Раст 5% годишно * | | | Раст 9% годишно * | | | Пад 2% годишно * | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пример на исплата по истекот на осигурувањето (уплата 10.000 EUR) траење 10 години | 11,580.45 € | | | 15,474.50 € | | | 22,489.95 € | | | 7,793.31 € | | |
| Пример на исплата во 7-та година од осигурувањето пристапна старост 40 години уплата 10.000 EUR траење 10 години | Осигурена сума | Вредност на реф ерентниот број на уделите | Вкупно | Осигурена сума | Вредност на реф ерентниот број на уделите | Вкупно | Осигурена сума | Вредност на реф ерентниот број на уделите | Вкупно | Осигурена сума | Вредност на реф ерентниот број на уделите | Вкупно |
| Природна смрт | 5,943.44 € | 10,912.51 € | 16,855.95 € | 5,943.44 € | 13,367.45 € | 19,310.89 € | 5,943.44 € | 17,366.37 € | 23,309.81 € | 5,943.44 € | 8,247.19 € | 14,190.63 € |
| Смрт поради незгода | 11,886.88 € | 10,912.51 € | 22,799.39 € | 11,886.88 € | 13,367.45 € | 25,254.33 € | 11,886.88 € | 17,366.37 € | 29,253.25 € | 11,886.88 € | 8,247.19 € | 20,134.07 € |
| Смрт поради сообраќајна несреќа | 17,830.32 € | 10,912.51 € | 28,742.83 € | 17,830.32 € | 13,367.45 € | 31,197.77 € | 17,830.32 € | 17,366.37 € | 35,196.69 € | 17,830.32 € | 8,247.19 € | 26,077.51 € |

## Што се случува ако друштвото за осигурување не е во можност да изврши исплата?

Во случај на ликвидација или стечај на Осигурителот, врз средствата за покривање на математичката резерва врзана за надомести во случај на смрт како и врз средствата за покривање на посебната резерва за надомест осигурени со договорот за осигурување кои се директно врзани за вредноста на вложувањата не може да се спроведе извршување ниту тие средства влегуваат во имотот, односно стечајната или ликвидационата маса на Осигурителот.

Во случај на ликвидација на Фондот, во случај на откажување на управувањето со Фондот од страна на КБ Публикум-Балансиран управуван од КБ Публикум Инвест АД Скопје како и во случај на битни законски и останати промени кои можат да влијаат врз работата на фондовите, Осигурителот може да го откаже Осигурувањето без отказен рок по писмен пат. Во тој случај, на договорувачот му се исплаќа откупната вредност на полисата без намалување за излезниот надоместок.

## Кои трошоци ги пресметува друштвото за осигурување и колкави се тие?

Трошоците што ги плаќате ги вклучуваат трошоците за ризици покриени со Осигурувањето како и останатите трошоци за водење на Осигурувањето.

| **Еднократни трошоци што настануваат пред или по Вашето вложување** | |
|---|---|
| Влезни трошоци – вкупни трошоци на осигурителното покритие, од што:<br>трошок за осигурување<br>останати трошоци | **5,00%**<br><br>3,00%<br>2,00% |
| Излезни трошоци | од 0,5% до 1,5% за првите три години согласно Проспектот на Фондот |

*Ова е највисокиот износ на трошокот што може да се одземе од Вашите пари пред да се вложат или пред исплатата на Вашето вложување.*

| **Трошоци во текот на годината** | |
|---|---|
| Тековни трошоци:<br>на Осигурувањето<br>на Фондот | <br>нема<br>2,52% |

| **Трошоци под одредени посебни услови** | |
|---|---|
| Провизии поврзани со работењето | нема |

Влезните трошоци на Осигурувањето се наплатуваат еднаш, при вршењето на вложувањето, а се пресметуваат на еднократната премија за основното осигурување.

Прикажаниот износ на тековните трошоци се заснова на минатогодишните расходи за годината што завршила на ден 31.12.2018, а ги содржат надоместокот за управување и сите трошоци потребни за уредно работење на Фондот во наведената година.

Тековните трошоци ги исклучуваат трошоците, провизиите и таксите поврзани со стекнување или продажба на имот. Тековните трошоци се разликуваат за секоја година.

Детални информации за сите трошоци и надоместоци се наоѓаат во Проспектот на фондот кој е достапен на интернет страната www.kbpublikum.com.mk и можат да се дознаат во канцелариите на застапниците. и на Осигурителот.

Влезните трошоци на Фондот не се наплатуваат.

## Колку долго би требало да го имам Осигурувањето и можам ли да добијам надомест од Осигурувањето порано?

Осигурувањето се договара од 5 до 10 години.

Писмената понуда за склучување на договорот го обврзува осигурувачот да одговори на понудата 8 (осум) дена од денот кога осигурувачот ја примил понудата за осигурување и дополнителна документација доколку е потребна без лекарски преглед, а ако е потребен лекарски преглед, тогаш за време од 30 (триесет) дена сметано исто така од денот кога ја примил понудата и дополнителна документација доколку е потребна. Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата, која не отстапува од условите на осигурувачот под кои се склучува предложеното осигурување, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е склучен.

Откуп на Осигурувањето е можно после помината една година, а откупната вредност на полисата одговара на вредноста на референтниот број на уделите која што важела на датумот на откупот. Излезниот надоместок се пресметува доколку настане откуп на полисата во првите 3 години од траењето и тоа:

- До 1.000.000,00 денари — 1,5%
- Од 1.000.001,00 денари до 5.000.000,00 денари — 1,0%
- Над 5.000.001,00 денари — 0,5%

Во првата година откупот не е можен.

| | Откупна вредност на полисата со претпоставка за приносот на Фондот (пристапна старост 40 години, уплата 10.000 EUR, договорено траење 10 години) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поминато траење на осигурувањето** | **Раст 2% годишно*** | **Раст 5% годишно*** | **Раст 9% годишно*** | **Пад 2% годишно*** |
| 1. година | | | | |
| 2. година | 9,735.54€ | 10,316.64 € | 11,117.65 € | 8,986.94 € |
| 3. година | 9,930.26€ | 10,832.48 € | 12,118.24 € | 8,807.20 € |
| 4. година | 10,283.11€ | 11,547.31 € | 13,410.03 € | 8,762.50 € |
| 5. година | 10,488.77€ | 12,124.67 € | 14,616.93 € | 8,587.25 € |
| 6. година | 10,698.54€ | 12,730.91 € | 15,932.45 € | 8,415.50 € |
| 7. година | 10,912.51€ | 13,367.45 € | 17,366.37 € | 8,247.19 € |
| 8. година | 11,130.76€ | 14,035.83 € | 18,929.35 € | 8,082.25 € |
| 9. година | 11,353.38€ | 14,737.62 € | 20,632.99 € | 7,920.60 € |
| 10. година | 11,580.45€ | 15,474.50 € | 22,489.95 € | 7,762.19 € |

## Како можам да се жалам?

Дополнителни прашања или евентуални приговори на производот можат да се достават на http://www.cro.mk

## Други релевантни информации

Сите документи поврзани со овој производ се достапни на:

-
- Посебни услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со еднократна уплата на премија и дополнително осигурување за случај смрт поради незгода и смрт поради сообраќајна се уредуваат меѓусебните односи на учесниците на договорот за осигурување на живот (0540), во примена од 01.01.2019, достапни на интернет страницата на Кроациа Осигурување Живот АД (www.cro.mk),
- Согласност- согласноста е составен дел на понудата за осигурување и се потпишува заедно со понудата
- Проспект на Фондот, Скратениот Проспект, последниот ревидиран годишен извештај, полугодишниот извештај на Фондот и цените на уделите на Фондот се достапни на интернет страницата на Друштвото за управување со инвестициски фондови (www.kbpublikum.com.mk)

Депозитна банка на Фондот е Комерцијална банка АД Скопје..
Фондот е одобрен во Република Македонија и го регулира КХВ на Република Македонија

** Сценаријата на успешност и претпоставките за нивно остварување се од информативен карактер и не се гаранција за приносите во иднина ниту проценка на резултатот на Фондот и Осигурувањето и не се обврзувачки за о.ф. КБ Публикум-Балансиран и за Осигурителот*

**Документот го прочитав и разбрав:**

Датум　　　　　　　　　　　　име и презиме и потпис на Договорувачот